01-741/5

Архивски знак__________
Рок на чување__________ год.
__________ 20____ година
Скопје

Врз основа на член 22, став 1 и став 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18) Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 25.02. 2020 година, го усвои следниот

# ПРАВИЛНИК
## за доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат основните карактеристики и целите на финансиските средства доделени преку Иновациски ваучери, критериумите и условите за доделување финансиски средства, содржината на јавниот повик за доделување финансиски средства, постапката за доделување финансиски средства, како и начинот на спроведување, следење и известување за доделените финансиски средства преку Иновациски ваучери.

## I. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### Цели на финансиската поддршка
### Член 2

Целта на Иновациските ваучери е да се поттикне соработката помеѓу претпријатијата и академските и научно-истражувачките установи во насока на спроведување иновациски активности, со што претпријатијата ќе ја зголемат својата конкурентност.

Развојот на нови производи, процеси и услуги е во директна релација со процесот на иновација. Иновациските ваучери овозможуваат директен финансиски поттик кој претпријатијата го користат да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научно-истажувачките институции со што се интензивира обемот и динамиката на развојот на производите и услугите како и нивниот пласман на пазарот.

### Износ на финансирање
### Член 3

Иновациските ваучери можат да се искористат за покривање до 80% (осумдесет проценти) од вкупните трошоци на научно-истражувачките услуги, во максимален износ од 500.000 (петстотини илјади) денари (МКД), без данок на додадена вредност (ДДВ). Претпријатијата имаат обврска да го ко-финансираат преостанатиот износ од вкупните трошоци на услугите.

Под оваа мерка, претпријатието - апликант може да добие најмногу 2 (два) Иновациски ваучери во максимален износ од 1.000.000 (еден милион) денари во рок од 5 (пет) календарски години, при што двата Иновациски ваучери не можат да бидат доделени на ист јавен повик.

Износот на средства доделени преку Иновациските ваучери не смее да биде во спротивност или да ги нарушува правилата за доделување на државна помош од мало значење (de minimis - дефинирани во Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење).

**Времетраење**
**Член 4**

Услугите одобрени под доделените иновациски ваучери мора да се искористат во период од 6 (шест) месеци од датумот на потпишување на Договорот за доделување средства помеѓу Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст „Фондот„) и претпријатието-корисник. Во случај иновациските ваучери да не се искористат во овој период, Фондот нема да има никакви обврски за исплата кон добавувачот на услугите.

Фондот може да одобри користење на Иновацискиот ваучер и по истекот на рокот од став 1, само во случај на постоење на виша сила.

Под виша сила се смета настапување на некој вонреден настан заради кој искористувањето на Иновацискиот ваучер од страна на претпријатието – корисник станало невозможно, кој настан се случил по склучувањето на договорот за доделување на финансиски средства, а пред истек на рокот од став 1, што во времето на склучувањето на договорот не можел да се предвиди ниту пак претпријатието - корисник можело да го спречи, избегне или отстрани и за кој не одговара ни едната ни другата страна.

За настапување на виша сила претпријатието корисник мора веднаш неодложно писмено да го извести Фондот.

Продолжувањето на рокот за користење на Иновацискиот ваучер ќе изнесува онолку денови колку што влијаела вишата сила и колку што било потребно за отстранување на нејзините последици.

## II. КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ

**Критериуми за подобност на апликантот**
**Член 5**

(1) Критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполни се:

- да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрираново Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно Законот за трговски друштва;
- да е микро, мало или средно претпријатие;
- да е во мнозинска македонска сопственост (50,1% или повеќе);

- да не е поврзан со друго претпријатие каде што збирните годишни приходи надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра во претходните две фискални години и збирниот број на вработени надминува 250;
- против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- да нема акумулирано повеќе од 200.000 (двеста илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
- да нема аклумулирано повеќе од 100.000 (сто илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот, ако претпријатието е активно во секторот за патен сообраќај, согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
- да не е во потешкотии (претпријатие во потешкотии е претпријатие кое не е во можност да ги исполнува своите обврски од сопствените ресурси или со средства што може да ги добие од својот сопственик/акционерите или кредиторите, за да ги запре загубите, кои без надворешна интервенција од давателите на помош со сигурност ќе доведат до краткорочен и долгорочен престанок со работа на претпријатието).

**Член 6**

При доделување на Иновациските ваучери не се дава предност на нивото на иновативност на претпријатијата апликанти ниту на некој специфичен индустриски сектор, освен ако не е поинаку определено во јавниот повик.

Подобни за финансирање се активности во сите дејности освен:

- производствени, трговски или услужни дејности кои не се во согласност со закон;
- производство и трговија со тутун, дестилирани алкохолни пијалоци и сродни производи (пијалаци кои содржат алкохол, но не се добиени исклучиво со дестилација, туку за нивно производство може да се користи и природно дестилиран алкохол (добиен од различно, но природно потекло) со давање на различни растителни или други производи, при што преку мецерација, купажа (мешање), ароматизирање, боење, стареење и слично се добиваат различни алкохолни пијалаци во кои содржина на етил алкохол најчесто е повисока од 15%, а во нив може да бидат вклучени различни видови на ликери и коктели и слично);
- производство и трговија со оружје и муниција од било кој вид;

- казина и други правни лица за организирање игри на среќа и други забавни игри;
- истражување, развој или технички барања кои се однесуваат на електронски податоци, програми или решенија, кои се однесуваат на:
  1. поддршка на која било активност која се вбројува во горенаведените сектори од алинеите 2,3 и 4 на овој член;
  2. интернет коцкање и онлајн казина и/или
  3. порнографија;
- природно - научни истражувања, развој или технички апликации кои се однесуваат на човечкото клонирање за истражување или за терапевтски цели; и/или за генетски модифицирани организми (ГМО)
- производство на јаглен.

**Критериуми за подобност на добавувачот на услуги**
**Член 7**

Субјекти подобни да бидат добавувачи на услуги се: јавни универзитети во нивните единици насочени кон наука (научни институти) и во единици насочени кон образование засновано на наука (факултети); Македонската академија за науки и уметности; самостојни јавни високообразовни установи; приватно-јавни непрофитни високообразовни установи, јавни научни установи и мешовити научни установи основани согласно Законот за високо образование, Законот за научно-истражувачка дејност, Законот за македонската академија на науките и уметностите како и трговски друштва регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно Законот за трговски друштва кои се во доминантна сопственост на јавни високообразовни установи (50,1% или повеќе).

**Активности подобни за финансирање**
**Член 8**

Иновациските ваучери можат да се користат за пренос на научни, технолошки или иновациски знаења кои се нови за претпријатијата или за решавање на некој технички/технолошки проблем кој ќе биде идентификуван од компанијата. Финансиските средства може да се добијат за следните услуги:

- Развој на нови или подобрување (во однос на функцијата и квалитетот) на постоечки производи, процеси или услуги;
- Доказ на концепт (proof of concept);
- Студија за изводливост (feasibility study);
- Техничка спецификација;
- Производство на лабораториски прототипови;

- Изработка на демонстрациони прототипови;
- Различни видови на испитувања (во лабораторија, производствен погон);
- Валидација на технологија;
- Валидација на нови или подобрени производи, процеси или услуги;
- Советодавни деловни услуги поврзани со иновациска дејност (управување со иновациски циклус, права од интелектуална сопственост и слично). За овие потреби, може да се користи до 50% од вредноста на ваучерот;
- Развој и воведување на посебен софтвер за производ или процес (во рамките на развојот на производот);
- Специфични обуки во врска со развојот на технолошки решенија. За овие потреби, може да се користи до 20% од вредноста на ваучерот.

Во случај јавниот повик за доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери да се однесува на специфичен индустриски сектор, активностите и очекуваните резултати подобни за финансирање можат да бидат дополнително прецизирани во рамки на јавниот повик.

## Активности неподобни за финансирање
## Член 9

Финансиските средства не може да се користат за следните услуги:

- Изработка на бизнис план, економска проценка, општи деловни консултантски услуги;
- Активности за продажба, маркетинг, увоз и извоз;
- Истражување и анализа на пазарот;
- Развој на стандардни интернет страници или мобилни апликации;
- Советодавни услуги ви областа на деловно право, човечки ресурси, сметководство и слично;
- Услуги за стандардизација и акредитација кои се веќе достапни на пазарот (ИСО стандардизација, тестови за усогласување на квалитет);
- Меѓународни патувања, конференции, саеми и слично;
- Услуги од трети страни кои не се подобни да бидат добавувачи на услуги;
- Активности кои веќе се финансираат во рамки на некоја друга програма, проект или од страна на некоја друга компанија/установа.

## Трошоци неподобни за финансирање
## Член 10

Трошоци неприодобни за финансирање по Иновациските ваучери се:

- Отплата на камата или долг на друга страна;
- Трошоци и провизии за минати или можни идни загуби или долгови;

- Покривање на загуби поради размена на валута, такси и казни;
- Трошоци за забава и угостителство;
- Трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани селекција на кандидати и слично) и трошоци за преселба;
- Купување на земја или згради, вклучувајќи и реновирање;
- Извозни активности (трошоци директно поврзани со извоз на производи, со основање и работење на мрежа за дистрибуција и слично или за други тековни трошоци на апликантот поврзани со извозни активности);
- Годишни такси за оддржување на патент (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволен трошок при евалуација на предлог проектите);
- Трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на сопственик/иците на претпријатието - корисник;
- Наем на деловен простор;
- Трошоци за набавка на опрема.

ДДВ е трошок кој не е подобен за финансирање и истот не се пресметува во вкупниот износ од член 3 на овој Правилник. Претпријатието – корисник треба дополнително да го покрие трошокот за ДДВ доколку е тоа применливо и за истиот трошок може да добие поврат согласно важечката законска регулатива.

Дополнително, трошоците за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори не се подобни за финансирање.

## III. ПОСТАПКА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

### Објавување на јавен повик

### Член 11

Финансиските средства преку Иновациските ваучери се доделуваат по објавен јавен повик.

Пред објавувањето, текстот на јавниот повик се доставува до Управниот одбор на Фондот како информација.

Јавниот повик ќе биде објавен во најмалку две јавни гласила и на веб страната на Фондот.

Јавниот повик ќе биде најавен најмалку 20 (дваесет) дена пред објавувањето на веб страната на Фондот.

### Содржина на јавниот повик

## Член 12

Јавниот повик задолжително ги содржи следните информации:

- Податоци за органот кој го распишува повикот;
- Датум на објава на јавниот повик;
- Краток опис;
- Буџетот на повикот;
- Максимален износ на Иновацискиот ваучер;
- Активности прифатливи за финансирање;
- Активности и трошоци неприфатливи за финансирање;
- Начин и рок за поднесување на апликацијата;
- Начин на исплата;
- Правилник (подзаконски акт) со кој се регулира доделувањето на финансиски средства преку Иновациските ваучери; и
- Апликација за Иновациски ваучер, образец определен од страна на Фондот

Сите горенаведени податоци мора да се содржат во јавниот повик објавен на веб страницата на Фондот. За јавниот повик објавен во јавни гласила се изготвува скратена верзија.

## Начин на аплицирање

## Член 13

За финансиските средства доделени преку Иновациски ваучери претпријатијата – апликанти поднесуваат апликација по електронски пат, на начин определен во јавниот повик.

За да аплицира за финансиски средства доделени преку Иновациски ваучер претпријатието - апликант треба да поднесе:

- Апликација за Иновациски ваучер, пополнета, потпишана и печатирана во образец определен од страна на Фондот, скенирана во PDF формат;
- Тековна состојба за претпријатието – апликант издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 (шест) месеци од рокот за доставување на апликацијата наведен во јавниот повик; и
- Финансиска понуда/и од страна на добавувачот/ите на услуги, потпишана, печатирана и скенирана во PDF формат која мора да содржи:
    1. Спецификација на услугата според потребата наведена во Апликацијата за Иновациски ваучер;
    2. Назив на добавувачот на услуга/и и лице за контакт одговорно за бараната услуга;

3. Финансиска понуда за услуги со данок на додадена вредност (ДДВ) изразени како посебен трошок, доколку е применливо;
4. Рок на завршување на бараната услуга;
5. Валидност на понудата (минимум 60 дена).

Формата и содржината на образецот на апликацијата ги одобрува Управниот одбор на Фондот.

Во една Апликација, претпријатието – апликант може да вклучи максимум три добавувачи на услуги.

За финансиските средства доделени преку Иновациски ваучери едно претпријатие може да аплицира неограничен број пати. Бројот на Иновациски ваучери кои едно претрпијатие може да ги добие и висината на доделени средства се пропишани во член 3 од овој Правилник.

Рокот за аплицирање по објавен јавен повик ќе трае сè додека средствата од буџетот определени со јавниот повик не бидат исцрпени.

Затворањето на рокот за аплицирање ќе биде објавен јавно, на интернет страницата на Фондот на денот на носење на Одлуката за доделување средства.

Апликациите пристигнати од моментот на последната апликација која е одобрена за доделување средства и објавата за затворање на јавниот повик ќе се разгледуваат како првопристигнати под нареден јавен повик.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПРЕКУ ИНОВАЦИСКИ ВАУЧЕРИ

### Начин на разгледување на апликациите

### Член 14

Од моментот на објавување на јавниот повик, Фондот тековно ги разгледува сите пристигнати апликации.

Разгледувањето на апликациите подразбира проверка на:

- Износот на финансирање согласно член 3 од овој Правилник;
- Исполнување на критериумите и условите определени во член 5, 6, 7, 8, 9 и 10 од овој Правилник;
- Исправност на финансиската понуда согласно член 13 став 2, од овој Правилник.

Во случај претпријатието – апликант да ги нема доставено документите наведени во член 13, став 2, алинеја 2 и 3 од овој Правилник, Фондот ќе му даде на претпријатието – апликант рок од 5 (пет) работни дена да ја дополни документацијата, при што, редоследот на поднесената апликација ќе се води согласно датумот на комплетирање на документацијата.

Разгледувањето и изборот за доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери го прави Комисија составена од најмалку три члена назначени од страна на директорот на Фондот. Членови на Комисијата можат да бидат и надворешни лица. Од редот на Комисијата се назначува претседател.

Конечната одлука за доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери ја носи директорот на Фондот по предлог на Комисијата.

Членовите на Комисијата од став 3 на овој член имаат право на паричен надоместок согласно Тарифникот утврдување на висина на надоместок на комисијата за разгледување и изборот за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери и Деловникот за работа на Комисијата за доделување средства преку Иновациски ваучери.

**Начин на доделување на финансиски средства**

**Член 15**

Доделувањето на средства преку Иновациските ваучери се врши според редоследот на пристигнувањето на апликациите, односно комплетирање на апликациите, почнувајќи од датумот на објавувањето на јавниот повик, односно се додека средствата од буџетот на повикот определени со јавниот повик не бидат потрошени, по принципот „прв дојден, прв услужен“.

Доколку условите определени од член 13 став 2 и од член 14 став 2 и став 3 не се исполнети, апликацијата ќе биде одбиена за финансирање.

Фондот го задржува правото да ја одбие за финансирање апликацијата за Иновациски ваучер и во случај кога проценува дека Иновацискиот ваучер не е во согласност со целите на Иновациските ваучери определени од член 2 на овој Правилник и/или ако на било кој начин одобрувањето на Иновацискиот ваучер може да има штетно влијание врз угледот на Фондот.

**Начин на известување на апликантите**

**Член 16**

Апликантите чии апликации не се одобрени за финансирање ќе бидат известени преку електронска пошта.

Во случај апликацијата за иновацискиот ваучер да е одбиена за финансирање, слична апликација може да се поднесе под нареден јавен повик за доделување средства.

## V. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНОВАЦИСКИТЕ ВАУЧЕРИ

**Склучување договор за доделување средства**

**Член 17**

Во случај апликацијата да е одобрена за финансирање под јавниот повик, Фондот до апликантот преку електронска пошта ќе достави нацрт на Договорот за доделување средства преку Иновациски ваучери.

Фондот го издава Иновацискиот ваучер со потпишување на Договорот за доделување средства за претрпијатието чија апликација е одобрена за финансирање.

**Член 18**

По потпишувањето на договорот со Фондот, претпријатието - корисник испраќа нарачка за набавка до добавувачот/добавувачите на услуги за услугата наведена во одобрената апликација за Иновациски ваучер.

**Добри деловни практики**
**Член 19**

Претпријатието - корисникот има обврска доделените средства да ги реализира ефективно и ефикасно во согласност со Договорот за доделување средства и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки, еколошки и социјални практики и стандарди.

При реализацијата, дозволена е пренамена на средства во максимален износ од 10% од вкупниот доделениот износ на Иновацискиот ваучер во насока на постигнување на очекуваните резултати.

Во случај на пренамена на средствата не е дозволено зголемување на износот на доделениот Иновациски ваучер.

**Права од интелектуална сопственост**
**Член 20**

Претпријатието – корисник е должно да ги регулира сите прашања поврзани со правата на интелектуална сопственост со добавувачот на услугите и/или трети страни.

Фондот не е одговорен за какви било спорови поврзани со правата за интелектуална сопственост помеѓу претпријатието – корисник, добавувачот на услуги и/или трети страни.

**Заштита на животна средина**
**Член 21**

Сите услуги кои имаат влијание на животната средина мора да бидат обезбедени во согласност со важечките закони и подзаконски акти на Република Северна Македонија, особено со Законот за животна средина.

**Транспарентност и комуникација со јавност**
**Член 22**

Претпријатието - корисник е должно да ги следи насоките од Фондот во однос на транспарентност и комуникација кон јавноста, согласно Упатството за транспарентност и комуникација на проектите на Фондот.

За време на спроведувањето, претпријатието – корисник е должно во комуникацијата јасно да истакне дека услугите се добавени со финансиска поддршка од Фондот и кога е применливо да го користи логото и називот на Фондот.

## VI. НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ, НАДЗОР И ИСПЛАТА

### Известување
### Член 23

За извршената услуга, претпријатието – корисник го известува Фондот не подоцна од 20 (дваесет) дена од датата на извршување на услугата.

Известувањето за извршени услуги во рамки на доделениот Иновациски ваучер треба да содржи:

- Известување за реализација на Иновациски ваучер, пополнато, потпишано и печатирано во образец определен од страна на Фондот, скенирано во PDF формат;
- Потврда од страна на добавувачот/ите на услуги, потпишана, печатирана и скенирана во PDF формат која мора да содржи:
    1. Назив на добавувачот на услуга/и и лице за контакт одговорно за бараната услуга;
    2. Износ за наплата на извршената услуга/и со вклучен ДДВ изразен како посебен трошок, доколку е применливо;
    3. Спецификација на извршената услуга соодветна на потребата наведена во одобрената Апликација за Иновациски ваучер;
    4. Датум на завршување на бараната услуга.
- Потврда за прифаќање на извршената услуга од страна на претпријатието - корисник, потпишана, печатирана и скенирана во PDF формат.
- Фактура издадена од страна на добавувачот/ите на услуги што ќе го содржи вкупниот износ на услугата/ите. Фактурата мора да содржи забелешка дека 80% од трошоците за услугата, максимум до 500.000 (петстотини илјади) денари, без ДДВ, ќе биде платена од трето лице, односно Фондот на основа на доделени финансиски средства преку Иновациски ваучер.

Формата и содржината на образецот за Известување ги одобрува Управниот одбор на Фондот.

### Верификација на трошоци
### Член 24

Комисијата од член 14 на овој Правилник го разгледува Известувањето за извршени услуги во рамки на доделениот Иновациски ваучер доставено од страна на претпријатието – корисник до Фондот.

Доколку Известувањето е во согласност со одредбите од член 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 23 на овој Правилник, Комисијата истото го одобрува.

Доколку Комисијата забележи неправилности во известувањето кои може да се последица на ненамерен превид на претпријатието - корисник, по електронска пошта до претпријатието – корисник ќе достави наоди и ќе побара корекција на Известувањето и повторна достава до Фондот, во рок од 14 (четиринаесет) дена од примените наоди.

Доколку Известувањето не е во согласност со одредбите од 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 23 на овој Правилник, Комисијата истото нема да го одобри за што ќе испрати известување по електронска пошта до претпријатието - корисник.

Во случај Фондот при разгледување на Известувањето да утврди неправилности во примените услуги, Фондот нема да го одобри Известувањето и Фондот нема да има никакви обврски за исплата кон добавувачот на услугите.

## Исплата на средства
## Член 25

По одобрувањето на Известувањето за реализација на Иновациски ваучер од страна на Комисијата, Фондот прави исплата во износ согласно член 3 од овој Правилник и согласно потпишаниот Договор за доделување средства помеѓу Фондот и претпријатието – корисник, директно на банкарската сметка на добавувачот/ите на услугите.

Претпријатието - корисник има обврска да го исплати преостанатиот износ од трошоците на услугата, вклучително и вкупниот износ на ДДВ на банкарската сметка на добавувачот/ите на услугите.

Претпријатието - корисник има обврска да достави до Фондот доказ за исплатениот преостанат износ кон добавувачот на услугите во вид на извод од банкарска сметка.

## Надзор
## Член 26

Фондот го задржува правото во секое време, за време на извршувањето на услугата/ите и во рок од 1 (една) година по датата на извршената/ите услуга/и да изврши најавен или ненајавен надзор во просториите на претпријатието - корисник и да го провери постоењето и содржината на испорачаните услуги финансирани во рамките на Иновацискиот ваучер.

Надзорот го вршат членовите на Комисијата од член 14 на овој Правилник.

За извршениот надзор Комисијата составува Записник кој го доставува до претпријатието - корисник.

Доколку се утврди дека постоењето и содржината на испорачаните услуги не соодветствува со содржината на Апликацијата за Иновациски ваучери одобрена за финансирање и/или со Известувањето од член 23 од овој Правилник, Фондот бара од претпријатието – корисник делумен или целосен поврат на средствата исплатени од страна на Фондот во рок од 1 (една) година по датата на извршената услуга.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 27

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на Огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добиената согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Бр. 01-741/5**
**Скопје, 25.02 2020 година**

**Претседател на Управен одбор**